# КУЌЕН РЕД

## на ООУ „Живко Чинго“ – с. Велгошти, Охрид

### I. Општи одредби

1. Куќниот ред има цел да обезбеди непречено реализирање на наставно-образовниот процес, безбедност на учениците и вработените и уредно функционирање на училиштето.
2. Наставата во училиштето се одвива во две смени, односно **претпладне** започнува во **07:45 часот, попладне** започнува **13:00 часот за одделенска настава, 13:15 за претдметна настава**.
3. Учениците и наставниците се должни да бидат во училиштето најдоцна **15 минути пред почетокот на наставата**.

### II. Организација на наставниот ден

1. Наставниот час трае 40 минути.
2. Малиот одмор трае 5 минути, големиот одмор трае 20 минути.
3. За време на големиот одмор учениците не смеат да го напуштаат училишниот двор.

### III. Ученици

1. Учениците се должни:
   - да присуствуваат редовно и навремено на часовите;
   - да носат пристојна и чиста облека;
   - да го почитуваат наставниот кадар, техничкиот персонал и соучениците;
   - да ја чуваат хигиената во училниците, ходниците и дворот;
   - да не внесуваат опасни предмети, алкохол, цигари или други забранети супстанци.
2. Учениците не смеат:
   - да користат мобилни телефони за време на час (телефоните се оставаат на определено место);
   - да нанесуваат материјална штета на инвентарот. доколку направат штета, се должни да ја надоместат;
   - да покажуваат агресивно или навредливо однесување кон соученици и вработени;
   - **да снимаат (фотографираат, тонски или видео-снимаат) во училишниот објект и за време на наставата без претходна дозвола од наставникот или директорот. Секое неовластено снимање се смета за повреда на куќниот ред и повреда на правото на приватност.**
3. Дежурни ученици:
   - се назначуваат по распоред од одделенскиот раководител;
   - се грижат за редот и чистотата во училницата;
   - ги пријавуваат отсутните ученици и неправилностите до наставникот.

**IV. Наставници и стручни соработници**

1. Наставниците се должни да доаѓаат најдоцна 30 минути пред почетокот на наставата.
2. Дежурните наставници за време на одморите се грижат за редот и дисциплината.
3. Наставниците го евидентираат присуството на учениците и се грижат за воспитна и едукативна атмосфера.
4. Во случај на нарушување на редот, наставникот веднаш презема соодветни педагошки мерки и известува стручна служба.

**V. Родители/старатели**

1. Родителите се должни:
   - навремено да го оправдаат отсуството на ученикот;
   - редовно да се информираат за успехот и однесувањето на своето дете;
   - да соработуваат со наставниците и стручната служба при решавање на проблеми.
2. **Родителите не смеат да влегуваат во училиштето за време на наставата без претходна најава и дозвола.**

**VI. Административен и технички персонал**

1. Техничкиот персонал е должен да обезбеди чистота и уредност во училиштето.
2. Доколку дежурните наставници се на час, техничкиот персонал се грижи за редот и не смее да дозволи влез на непознати лица во училиштето.

**VII. Санкции**

1. За непочитување на куќниот ред се изрекуваат соодветни педагошки мерки: опомена, укор, разговор со родител, социјално - корисна работа.
2. За материјална штета – сторителот или неговиот родител/старател е должен да ја надомести.
3. За неовластено снимање ќе се преземат дисциплински мерки согласно Етичкиот кодекс и важечките закони.

**VIII. Завршни одредби**

1. Куќниот ред важи за сите ученици, наставници, вработени и родители.
2. Се истакнува јавно на видно место во училиштето и на веб-страницата.

Претседател на Училишен одбор:
Магдалена Билбилоска